# ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ
# СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ ЗА ПОДДРШКА НА ЛИЧНИОТ И СОЦИЈАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| Наставен предмет: | Етика во религиите |
| Вид./категорија на наставен предмет: | Слободен изборен предмет за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети |
| Автори на наставната програма: | Ружа Стојковиќ, ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар<br>доцент д-р Анета Јовковска и проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски |
| Адаптирал: | Сузана Станковиќ Стефановска, ООУ „Александар Македонски“ Скопје |
| Одделение: | VI (шесто) |
| Број на часови: | 36 |
| Опрема и средства: | Аудиовизуелни средства (телевизор, компјутер, ЛЦД проектор);<br>Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти);<br>Средства и материјали за истражување (енциклопедии, прирачници, хамери, работни листови);<br>Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, фломастери, мрсни боици, природни и вештачки материјали);<br>Интернет, образовни софтвери. |

**Слободен изборен предмет: Етика во религиите**

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: **Општество и демократска култура**

| *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* | |
|---|---|
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството, да поддржува и да учествува во хуманитарни и волонтерски акции; |
| VI-A.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување. |
| VI-A.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент на етичките норми и вредностите кои ги застапуваат; |

| ***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*** | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината. |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |

Наставната програма вклучува дополнителни релевантни компетенции и од следните подрачја на Националните стандарди: **Уметничко изразување и култура, Личен и социјален развој, Јазична писменост и Дигитална писменост.**

| ***Ученикот/ученичката знае и/или умее:*** | |
|---|---|
| IV-A.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор. |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални (на пр., родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр., ученик, син/ќерка); |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |

| | |
|---|---|
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-А.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-А.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII-А.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи кои се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| VIII-А.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури; |
| I-А.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-А.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации; |

| ***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*** | |
|---|---|
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |

| | |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби. |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите; |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема I: Етиката како наука за доброто и моралот (6 часа)

***Знаења/вештини:***

- го знае значењето на наставниот предмет;
- ги идентификува поимите етика и морал;
- препознава и поттикнува на одговорно однесување кон самиот себе, кон другите и кон околината;
- препознава и поттикнува на етички начин на расудување;
- умее да ги идентификува своите потенцијали и да си поставува цели за остварување;
- умее јасно и аргументирано да го искаже сопственото мислење;
- умее да ги сослуша и почитува мислењата на другите.

***Ставови/вредности:***

- развива одговорност кон другите и почитување на нивното право за слободно верско изразување;
- развива етички начин на расудување;
- развива одговорно однесување кон себе, кон другите и кон околината;
- прифаќа дека е важно да го искаже сопственото мислење;
- го почитува мислењето на другите.

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности*** |
|---|---|---|
| **Поим за етика** | 1 | - Разговори за значењето на поимот етика со користење на текстови и илустрации за односите помеѓу луѓето; |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Учениците се делат на четири групи. Две групи споделуваат свои искуства на тема како да се донесат правилни етички одлуки, при што наставникот како почетна основа им дава листови на кои се запишани следниве етички правила:<br>а) дали тоа што го правиме и нѐ прави среќни е правилно?<br>б) какви ќе бидат последиците од нашето однесување врз другите луѓе?<br>в) секогаш да размислуваме за тоа како правилно да постапиме;<br>г) дали нашата постапка е искрена, чесна и праведна;<br>д) дали со нашето однесување нема да повредиме некого?<br>- Другите две групи ученици споделуваат свои искуства на тема: кога е можно да се донесат погрешни етички заклучоци?<br>Наставникот како почетна основа им дава лист каде се запишани следниве примери:<br>а) ако е неопходно, тогаш е етички;<br>б) ако не се казнува, тогаш е правилно;<br>в) имав добра лична причина да го направам тоа;<br>г) го направив тоа за тебе по секоја цена;<br>д) сите го прават тоа, зошто не и јас;<br>ѓ) така ми дојде да направам;<br>е) во ред е ако јас не губам ништо со тоа.<br>Секоја од четирите групи одредува по еден претставник кој на крајот ќе ги сподели најважните заклучоци од групната работа пред целото одделение, во однос на тоа дека од исклучителна важност е пронаоѓањето на патот за донесување на добри и избегнување на лоши одлуки. |
| **Етиката и општеството** | 1 | - Учениците се делат на три групи. Едната група ученици добива насоки од наставникот да споделуваат примери на етичко однесување кои не се впишани во законот на општеството: На пример, етички е да ја кажуваме вистината и да не лажеме, но лажењето не секогаш се казнува според законот... |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Втората група ученици добива насоки од наставникот да споделуваат примери на етички правила со чие прекршување луѓето се одговорни пред законот на државата. На пример, насилство, кражба итн.<br>- Третата група ученици добива насоки од наставникот да споделуваат примери на тема кога едно општество може да стане етички „корумпирано“. Како пример за морално корумпирано општество во историјата, наставникот ја посочува нацистичка Германија, образложувајќи го своето тврдење со факти од историјата.<br>Секоја група одредува по еден претставник кој на крајот ќе ги сподели најважните заклучоци од групната работа пред целото одделение. Заклучокот на сите групи треба да биде во насока на појаснување на важноста од примена на правилен етички однос за воспоставување, одржување и унапредување на личната и општествената благосостојба. |
| **Значење на етиката** | 1 | - Учениците дискутираат во групи на тема зошто е потребно да постојат етички стандарди или кодекси на однесување? Секој ученик има задача во групата да посочи по еден пример од кодексот на однесување на учениците во училиштето и по еден пример на каков начин може да се прекрши посочениот кодекс на однесување.<br>Најважните заклучоци од групната работа се презентираат пред целото одделение;<br>- Учениците добиваат за задача да изработат сопствен дневник на примерно однесување за претходната седмица. Тие го пополнуваат дневникот за секоја активност седмично. На крајот се охрабруваат да постигнат уште поголеми резултати за следната седмица кои ќе ги забележат во дневникот за примерно однесување. |

| | | |
|---|---|---|
| **Поим за морал** | 1 | - Запознавање и примена на правила на однесување меѓу учениците; меѓу учениците и возрасните; одговорноста на ученикот кон себе, кон другите и кон околината;<br>- Секој ученик добива лист хартија. На листот треба да  напише и да нацрта нешто за себе: Што прави во слободното време? Што го исполнува на училиште? Што сака да постигне? Нешто за своето семејство... Во празниот дел на листот се запишува животното мото – некоја изрека, мудрост, омилена реченица, фраза. Потоа учениците може да го покажат она што го напишале и да го споделат  во тандеми. На крајот, пред целото одделение, другарчето зборува за тоа што научило од споделеното искуство на своето другарче од тандемот;<br>- Учениците го читаат расказот за трговецот, а потоа се дискутира за неговите постапки. Се отвора следново прашање за дискусија: Дали е дозволено да правиме добри работи, но со лоши постапки? Насоката кон заедничкиот заклучок е дека, без разлика на поставената цел, не постои оправдување за лошите дела. |
| **Значење на моралот** | 1 | - Наставникот го објаснува значењето на моралот во формирањето и регулирањето на однесувањето на луѓето во општеството;<br>- Учениците се делат на групи уште на претходниот час и секоја група добива инструкции од наставникот да истражи и изработи на хамер презентација за една високо морална личност (примерите може да вклучуваат историски личности или личности од околината). Презентацијата треба да вклучува фотографии, настани од животот на личноста и поучни говори или пораки од избраната личност како пример за висок морал. Учениците на часот ги презентираат своите групни изработки и посочуваат кои особини на таа личност најмногу ги почитуваат. Наставникот ги запишува на таблата сите посочени доблести од примерите кои ги даваат учениците за особено да ги истакне како важни да се стекнат од секого; |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Учениците пишуваат краток состав за тоа кои особини би сакал/а да ги изгради кај себеси за да стане високо морална личност и на кој начин би можел/а да се потруди во тоа? На тој начин учениците би требало да ја градат претставата за себе кон која треба да целат, но преку своите размислувања воедно и да ги дефинираат можните начини како да ја остварат зададената цел. |
| **Доброто како највисока етичка вредност** (поими: заедничко добро, вредности, одговорности, заедничка грижа). | 1 | - Учениците поделени во парови разговораат, а потоа имаат и групна дебата други слични активности за доброто како највисока етичка вредност, притоа поставувајќи како основа по еден настан што се случил и прават проценка на кој начин луѓето можат да ги афирмираат етичките вредности;<br>- Учениците наведуваат примери како тие се грижат за заедничкото добро;<br>- Учениците се поттикнуваат да препознаваат и осудуваат примери кои се сметаат како негрижа за заедничкото добро;<br>- Учениците користат текстови, илустрации и сл. за запознавање со моралните вредности и традициите на граѓаните во земјата кои може да бидат претставени на хамер како групна изработка. |

Тема II: Етика во религиите присутни во Македонија (10 часа)

***Знаења/вештини:***

- ги познава основните човекови права за слободно исповедање на религијата;
- ги познава основните етички поими на религиите;
- има познавање на етиката на православното христијанство, етиката на исламот, етиката на католичкото учење, етиката на евангелско-методистичкото учење и етиката на јудаизмот;
- ги препознава заедничките етички основи на религиите;
- препознава форми на верска дискриминација;
- сознава дека религијата ги поучува луѓето да го прифаќаат и почитуваат хуманото однесување кон секој човек без разлика на неговата религиозна припадност, како и кон луѓето кои не се идентификуваат како религиозни;

-  ги има усвоено основните знаења од Библијата, Куранот и Талмудот;
-  ги познава и почитува различните религии на граѓаните во македонското општество;
-  ги увидува заедничките правила за добро однесување и заеднички живот претставени во религиските учења;
-  ги познава основните добродетели/вредности на човекот;
-  знае зошто е важно да прави добро и да не прави лошо;
-  знае дека секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина;
-  знае дека почитувањето и промовирањето на другите култури и религии придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура и религија од страна на другите;
-  согледува дека религиските заповеди се сведуваат на љубов кон Бога и кон сите луѓе;
-  развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

***Ставови/вредности:***

-  препознава и прифаќа хумано однесување меѓу луѓето;
-  ги прифаќа и развива добродетелите во својот живот;
-  ги почитува ставовите и вредностите на различните од себе;
-  изразува солидарност и сочувство кон другите без разлика на верската припадност;
-  не прави дискриминација на луѓето по однос на верската припадност, ниту на било која друга основа;
-  слободно зборува за својата вера и ги изразува своите религиозни чувства;
-  ги почитува религиозните чувства на другите луѓе.

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности*** |
|---|---|---|
| **Право на слободна вероисповед**<br>(поими: слобода, вероисповед, човекови права, религии, атеизам, верски идентитет, верска дискриминација). | 1 | - Наставникот го објаснува правото на сите граѓани за слободно практикување на било која религија, како и правото на граѓаните да не бидат религиозни;<br>- Учениците се делат во групи во кои споделуваат позитивни примери на другарување со другари кои имаат различен верски идентитет од нивниот;<br>- Учениците, заедно со наставникот дискутираат за кршење на правото за слободно верско изразување, наведувајќи примери за верска дискриминација; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учениците се делат во групи. Секоја група има за задача да осмисли пример за правото на слободна вероисповед или пример за верска дискриминација. Секоја група го претставува својот пример пред сите соученици како кратка драма, во која секој од учениците од групата ќе одигра одредена улога од драмата. |
| **Заеднички етички принципи на религиските учења**<br>(поими: етичко учење, свети книги, правила за добро однесување, заеднички живот, добродетели – вредности на човекот). | 1 | - Наставникот и учениците разговараат за златното правило за почитување на сите луѓе и како тоа е претставено во различни религии;<br>- Наставникот им ги објаснува на учениците зборовите кои означуваат одредена добродетел, а за учениците не се јасни. На пример, да се биде **вистинољубив** значи да се сака вистината и секогаш да се зборува вистина; **искрен** е оној кој секогаш се покажува онака каков што навистина е, па го ветува само она што навистина може да го исполни; **несебичен** е оној кој во животот не се раководи само од сопствените потреби, туку има разбирање и за потребите на другите луѓе; **солидарен** е оној кој сочувствува со луѓето и им помага на оние кои имаат потреба од помош; **одговорен** е оној кој навреме си ги завршува сите обврски итн.<br>- Како вежба за стекнување знаења за добродетелите, наставникот запишува на таблата измешани слогови од одредени добродетели, а учениците, во своите тетратки, од измешаните слогови составуваат зборови со значење на одредена добродетел. На пример:<br>ра-ве ____________<br>деж-на ____________<br>бов-љу ____________<br>ност-пра-вед ____________<br>кре-ис-ност ____________...<br>- Учениците во своите тетратки прават табела со добродетели и до секоја добродетел запишуваат имиња на соучениците, според тоа која добродетел најмногу ја ценат кај нив. Потребно е да ги запишат имињата на сите ученици од одделението, вклучително и |

| | | |
|---|---|---|
| | | своето име, во продолжение на некоја од наведените добродетели.<br>Се остава простор неколку ученици да ги прочитаат своите задачи во рамките на наставниот час;<br>- На еден лист хартија секој ученик нека напише со големи букви по една добродетел која смета дека најдобро го опишува него. Ако ученикот не може да се определи самиот, нека ги праша другарчињата што најмногу ценат кај него. Потоа наставникот ги дели учениците во две групи. Учениците треба да замислат дека се среќаваат на улица двајца по двајца и треба да се поздрават. Во поздравот ја употребуваат добродетелта која ја запишало другарчето за себе на листот. На пример: Ана, која за добродетел напишала дека е праведна, се среќава со Ивица, кој пак, за добродетел напишал дека е храбар. Ивица: Здраво *праведна* Ана, како си? Ана: Здраво *храбар* Ивица, јас сум добро, а ти како си?<br>Со тоа учениците се поттикнуваат да размислуваат за значењето и примената на добродетелта во секојдневниот живот. |
| **Теориски основи на православното христијанство** (поими: христијанство, православие, Господ Исус Христос, Син Божји, Раѓање – Божик; Христос – Учител, Предавство – Велики Четврток, страданија, Крст – Велики Петок, Воскресение – Велигден, апостоли, крштевање, апостол Павле, свети Климент и свети Наум Охридски, Библија – Свето писмо, Стар и Нов завет). | 1 | - Наставникот разговара со учениците за нивните предзнаења за христијанството и православието;<br>- Потоа учениците поделени во две групи читаат одбрани библиски текстови за животот на Господ Исус Христос;<br>- Потоа секоја од групите зборува за тоа што го прочитале. Наставникот потоа одбира краток филм за Христовиот живот на Земјата;<br>- Учениците разговораат за тоа кои се основните белези на христијанството односно тоа што го заклучиле од читањето на текстовите и гледањето на филмот;<br>- Со помош на библиски атлас или друго илустрирано издание да се набројат некои градови во кои престојувал апостолот Павле за време на своите патувања;<br>- На учениците да им се покажат икони од апостолот Павле, свети Климент и свети Наум Охридски, како и фотографии од познати цркви во нашата татковина; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учениците се делат на три групи и добиваат задачи од наставникот на презентација на хамер да го претстават животот и делото на: светиот апостол Павле (прва група), свети Климент Охридски (втора група), свети Наум Охридски (трета група). Резултатите од групната работа се презентираат на следниот час пред целото одделение. |
| **Етичка заснованост на православното христијанство**<br>(поими: сличности и разлики помеѓу луѓето, семејство, заедница, правила за добро однесување, почитување, одговорности). | 1 | - Учениците поделени во групи наведуваат примери искуства на однесувања кон возрасните, болните лица, лицата со посебни потреби;<br>- Се води дискусија за алтернативи за давање помош на лицата на кои им е потребна;<br>- Учениците читаат  библиски текстови кои зборуваат за почитта кон родителите и кон другите луѓе. Разговораат во групи за поуките од прочитаните текстови, во однос на потребата и значењето на доброто однесување. На крајот заклучуваат дека секој треба да ги почитува родителите и воопшто другите луѓе. |
| **Основите на православниот христијански морал**<br>(поими: добри дела, љубов, мудрост, праведност, храброст, умереност, солидарност, хуманост, сочувствување, помагање, проштевање, помирување, миролљубивост, праведност, љубов кон ближните, благодарност, трудољубивост, чување на дарот на животот, вистинољубивост, верност, доверба). | 1 | - Наставникот им дава на учениците да читаат текстови од Библијата каде се дадени примери дека луѓето треба да ги почитуваат другите и да им помагаат без да прават верски или други разлики меѓу нив. Пример: Параболата за милостивиот Самарјанин;<br>- Учениците ги читаат  Десетте Божји заповеди како христијански правила за добро однесување; читаат и разговараат за библиски текст за блаженствата Матеј 5,3-12; библиски текстови во кои се опишуваат настани, добродетелност и вредности;<br>- Учениците поделени во групи прават истражувачки активности и читање на текстови од Библијата со примери, потоа се води разговор со учениците за споменатите христијански доблести;<br>- Учениците во групи изнесуваат примери за солидарност со другите, сочувствување, помагање, проштевање, помирување, праведност, љубов, трудољубивост, благодарност, вистинољубивост, верност и доверба; Групата ги избира |

| | | |
|---|---|---|
| | | најдобрите примери кои ќе ги презентираат пред целото одделение;<br>- Учениците и наставникот разговаат  како да се направи некое хумано дело: собирање на облека, книги, играчки за оние на кои им се потребни. |
| **Теориски основи на учењето на исламот**<br>(поими: ислам, муслимани, Алах, мелек, Китаб, ресул, кијамет, када и кадер, Биг, Создател, Простувач, Алахов пратеник, Мухамед, Објава, Шехадет – сведочење, намаз – молитва, зекат – помош, рамазан – пост, аџилак – посета на свети места). | 1 | - Учениците и наставникот разговараат за основното исламско учење – петте столба на исламот;<br>- Учениците читаат текст за Мухамед и разговараат за неговиот живот и неговото дело кое е од значајност за муслиманите;<br>- Наставникот посочува примери од секојдневниот живот на муслиманите и ги повикува учениците да раскажат за своето лично искуство доколку имаат другар муслиман (што научиле од него за неговата религија), доколку посетиле џамија и слично искуство;<br>- Учениците добиваат задача да прочитаат делови од  Куранот и да обрне внимание за тоа на каков јазик е напишан. |
| **Етичка заснованост на исламот и основи на исламскиот морал**<br>(поими: селам, џамија, ахлак – исламско морално учење, љубов, солидарност, хуманост, почитување, халал, харам, покајание) | 1 | - Наставникот организира квиз за учениците за ново научените зборови од наставните единици за исламот. Доколку е потребно, повторно го објаснува значењето на зборовите;<br>- Учениците добиваат задолжение на интернет да најдат фотографии од џамии кои се сметаат за културно богатство во Република Северна Македонија;<br>- Учениците добиваат за задача да нацртаат цртеж на тема: што ми остави најголеми импресии додека се запознавав со исламската религија? На пример, може да нацртаат џамија, луѓе на молитва, значајни личности од исламската религија, сцена од празнувањето на Бајрам итн.;<br>- Учениците и наставникот разговораат и ги опишуваат начините на поздравување меѓу луѓето од муслиманска вероисповед.<br>- Учениците, заедно со наставникот дискутираат на тема ахлак – исламско морално учење, како и за добродетелите кои се почитуваат во исламот; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учениците се делат во групи каде добиваат за задача да направат компарација на добродетелите кои ги научиле од наставните содржини за православното христијанство и добродетелите кои ги научиле од наставните содржини за исламот. Резултатите од групната работа ги презентираат пред целото одделение;<br>- Учениците изработуваат декоративни честитки со убави и пријателски пораки до непознато другарче од исламска вероисповед, кои потоа ќе бидат доставени до соодветни ученици во училиштето или, доколку во училиштето нема ученици од исламска вероисповед, наставникот ќе се погрижи да бидат доставени до ученици од друго училиште. |
| **Теориски основи и етичка заснованост на католичкото учење, основи на католичкиот христијански морал**<br>(поими: католичка црква, католици, христијани, Исус Христос, католички празници, миса, свештеници, папа, крштевање, Свето писмо, Декалог, Мојсеј, добри дела, Божји закон, заповед на љубовта, недела – ден Господов, кражба, скржавост, љубомора, праведност, дарежливост, вистина, искреност, лага, измама, добрина, мајка Тереза, почит, одговорност, добро однесување). | 1 | - Учениците разговаат за нивните предзнаења за христијанството и католичкото учење;<br>- Потоа добиваат задача за читање библиски текстови за животот на Господ Исус Христос; а може да гледаат филм и да разговараат за филмот за Христовиот живот;<br>- Учениците добиваат задолжение на интернет да пронајдат фотографии од познати католички цркви низ светот.<br>- Учениците споделуваат и позитивни примери на почитување на другарчиња и возрасни со католичка вероисповед;<br>- Споделување на примери во групи за однесувањето на учениците во семејството, одделенската заедница и на други места;<br>- Читање на библиски текстови кои зборуваат за почитта кон родителите и кон другите луѓе. Разговор за текстовите со цел да се извлече поука од нив. На крајот учениците разговаараат за разликите и сличностите на сите религии за кои стекнале сознанија на часовите, но и воопшто во животот.<br>- Преку истражувачки активности и читање на текстови од Библијата со примери, како и разговори со учениците за добродетелите и работите кои се косат со нив; Разговараат дали има разлики во добродетелите за кои се зборуваше и за другите религии. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учениците во групи изнесуваат примери за вистината, вистинољубивоста, верноста и добрината;<br>- Учениците читаат текст за мајка Тереза и разговараат за нејзиниот живот и дело, во насока на преставување на грижата за немоќниот и беспомошниот како пример за правилно постапување. Учениците поделени во групи добиваат задача да истражат за делот од животот на Мајка Тереза поминат во Скопје, втората група за нејзиниот живот кога станала мисионерка и го презентираат она кое го дознале. |
| **Теориски основи, етичка заснованост и основите на моралот на евангелско-методистичкото учење** (поими: методисти, пастор, Евангелско-методистичка црква, Џон Весли, Мис Елен Стоун, солидарност, хуманост, сочувствување, помагање, проштевање, помирување, миројубивост, праведност, љубов кон ближните, благодарност, трудољубивост, чување на дарот на животот, вистинољубивост, верност, доверба, почит, одговорност, добро однесување). | 1 | - Наставникот ги запознава учениците со животот и делото на Џон Весли;<br>- Учениците поделени во групи добиваат задача да прочитаат и потоа да зборуваат за дел од животните настани на Џон Весли;<br>- Втотара група ученици дискутираат за сличностите во верувањето на методистите со православните христијани и католиците;<br>- Третата група учениц се запознаваат со животот и делото на мисионерката Мис Елен Стоун преку текстови, фотографии или гледање на филм, а потоа презентираат се што дознале за оваа мисионерка.<br>- Потоа на крајот на часот учениците ги читаат етичките совети на Џон Весли според кои треба да се раководат христијаните методисти и разговараат за тоа кои од тие совети и тие самите ги почитуваат во својот живот; Учениците посочуваат начини на кои може да им се помогне на сиромашните; |
| **Теориски основи и етичка заснованост на Јудаизмот – основите на моралот во Јудаизмот** (поими: синагога, рабин, Шабат, Ханука, Пурим, Пасха, мезуза, менора, Маген Давид, талит, кипа, цацит, тефелин, Талмуд, мудрости, Естер, Рут, Јосиф, Мојсеј, почит, одговорност, добро однесување). | 1 | - Учениците поделени во групи добиваат задолжение да ги најдат на интернет симболите (менора, мезуза, кипа и др.);<br>- Потоа прават презентирање на фотографии со симболи на Јудаизмот;<br>- Втората група наоѓа податоци од периодот на создавањето на Јудаизмот и прави краток историски преглед; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Сите заедно гледаат филм и потоа водат дискусија за животот на Евреите во различни историски периоди;<br>- Разговораат за Танах; еврејската света книга, а потоа читаат талмудска литература со мудрости и изреки и потоа водат дискусија за нив.<br>- Учениците се делат на три групи. Учениците од првата група добиваат задача да ја прочитаат скратената сторија за Естира и разговараат за тоа каква морална поука може да се истакне од нејзиното животно дело; Учениците од втората група добиваат задача да ја прочитаат сторијата за Рут и да разговараат за тоа каква морална поука може да се истакне од нејзиното животно дело; Учениците од третата група добиваат задача да ја прочитаат сторијата за Јосиф и да разговараат за тоа каква морална поука може да се истакне од неговото животно дело. Заклучоците од групната работа, каде животот и случувањата на библиските личности се земаат како значајни примери за добро, правилно и правично однесување, се презентираат пред целото одделение. |

| Тема III: Основи на христијанскиот морал (16 часа) |
|---|
| ***Знаења/вештини:*** |
| • знае како настанала Библијата, каде се користи и како треба да се чита;<br>• ја препознава Библијата како основа на христијанската етика;<br>• ги идентификува темели христијанската моралност;<br>• знае кои работи ги вреднуваме како добродетели во животот;<br>• има познавање за највисоките христијански добродетели;<br>• ги идентификува во секојдневниот живот позитивните примери за негување на пријателски односи;<br>• сознава дека христијанската вера најдобро се изразува преку добрите дела;<br>• открива разни начини за да им помага на луѓето;<br>• увидува дека секој човек може да згреши;<br>• го разбира значењето на мирот за животот на луѓето; |

- има познавање за тоа што е праведност;
- знае дека праведниот стои цврсто на страната на вистината;
- идентификува неправда и знае дека неправдата доведува до незадоволство кај луѓето;
- ја разбира љубовта како темел на човековиот живот и благосостојба;
- го сознава значењето и потребата од благодарност кон Бога и кон луѓето (особено кон родителите);
- се поттикнува да размислува за важноста на животот;
- ја осознава важноста на трудот за формирање на личноста;
- знае дека трудот го изразува достоинството на човекот;
- ја разбира смислата на заповедта: Не сведочи лажно!
- препознава зошто е важно секогаш да ја говори вистината;
- увидува примери од животот дека лагата доведува до неволји;
- го разбира значењето на верноста како христијанска добродетел;
- сознава дека со изневерувањето и лажењето ја губи довербата кај другарите, наставниците, родителите и други луѓе од неговата околина.

***Ставови/вредности:***

- развива доблести за негување на пријателство со соучениците;
- прифаќа и развива хумано однесување кон сите луѓе од околината;
- развива свесност за одговорност кон природата и опкружувањето;
- развива милосрдие како доблесна особина;
- развива сочувствување како доблесна особина;
- прифаќа да се преиспитува, да се покае и извини за своите грешки;
- избегнува лоши и неправедни постапки;
- развива мирољубиво однесување и се залага за мир;
- прифаќа да се однесува праведно кон своите другари и соученици;
- прифаќа да изрази благодарност кон родителите, наставниците и другарите;
- развива вештини за мирно решавање на конфликтни ситуации, со трпеливост, разговор и проштевање и не применува насилство;
- прифаќа да се однесува со соучениците, наставниците и родителите вистинољубиво и да гради односи на доверба.

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности*** |
| --- | --- | --- |

| | | |
|---|---|---|
| **Библијата - основа на христијанскиот морал**<br>(поими: Библија – запишан Божји збор, света книга, Стар и Нов завет, преводи). | 2 | - Учениците добиваат задолжение да ја разгледаат Библијата и да разговараат за неа во групи, истакнувајќи сè што забележале при нејзиното разгледување; како основа врз кои се заснова христијанската етика;<br><br>- Наставникот дава инструкции како да се пронајде одреден стих во Светото писмо. Потоа учениците се делат на групи во кои секој ученик добива задача да пронајде одреден стих од Библијата и да го прочита;<br>- Потоа во текот на часот учениците и наставникот гледаат инсерти од филмот за македонскиот превод на Библијата; потоа водат разговор за Библијата во однос на нејзиното значење во македонската духовна и културна историја, но и денес. |
| **Добродетели – вредности на христијаните**<br>(поими: добри дела, љубов, мудрост, праведност, храброст, умереност). | 2 | - Наставникот им дава на учениците задолжение да го прочитаат библискиот текст за блаженствата Матеј 5,3-12; да прочитаат библиски текстови во кои се опишуваат настани, добродетелности и вредности;<br>- Потоа преку разговори во групи се презентира се што е прочитано.<br>- Варијација за самозапознавање и самопотврдување: „Сакам да...“ Секој ученик добива по еден лист на кој е нацртана силуета и четири облачиња околу. Учениците добиваат инструкции од наставникот да ја доцртаат и обојат силуетата, на тој начин што таа ќе стане негова силуета или слика на себеси, односно која добродетел ја одбира за себе. Потоа наставникот им дава инструкции на учениците во секое од четирите облачиња да напишат:<br>а) што сакаат моите очи да гледаат?<br>б) што сакаат моите уши да слушаат?<br>в) што сакаат моите раце да прават?<br>г) што сакаат моите нозе да прават? |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учениците го ставаат својот цртеж пред себеси и се шетаат низ училницата меѓусебно претставувајќи се преку сопствениот цртеж пред другарчињата, а воедно покажувајќи интерес да ги запознаат другарчињата преку презентациите на нивните цртежи. |
| **Важни одлики кои треба да ги поседува секој христијанин**<br>(поими: солидарност, хуманост, сочувствување, помагање). | 2 | - Наставникот и учениците спроведуваат конкретна заедничка хуманитарна активност на дело преку собирање на материјални средства, помош на постари лица и слично. |
| **Покајание – преиспитување на себеси**<br>(поими: покајание, помирување, проштевање). | 2 | - Учениците се делат на три групи и секоја група добива задача да прочита еден од трите текста: Јосиф (1 Мој. 37-46 глава); Изгубениот син (Лука 15,11-32); За должникот (Матеј 18, 21-35. Преку разговори во групата учениците се обидуваат да извлечат поуки од библискиот текст. Резултатите од групната дискусија се презентираат пред целото одделение;<br>- Учениците разговораат за сторените грешки и начини како да се охрабрат учениците во трудот истите грешки да не ги повторуваат;<br>- Учениците разговараат и опишуваат примери за проштевањето за направените грешки, кога искрено се покајува лицето за грешките;<br>- Учениците раскажуваат за случка од својот живот кога се скарале со некое другарче, а потоа искрено си простиле еден на друг и се помириле, во насока на истакнување од заедничката придобивка и од покајувањето, и од проштевањето. |
| **Законот на љубовта – најголем закон даден од Бога**<br>(поими: љубов, љубов кон ближните) | 2 | - Учениците добиваат задача да читаат Библиски текст за љубовта (1.Кор. 13, 1-13);<br>- Учениците потоа разговораат со наставникот за значењето на двете најголеми христијански заповеди:<br>1. Возљуби го Господа и<br>2. Возљуби го својот ближен како себе си.<br>- Читање на параболата за сејачот и семето (Мт. 13,3-23). Разговор во групи за значењето на параболата и каква поука ни дава. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Најдобрите примери, кои ќе ги одбере групата, се споделуваат пред целото одделение.<br>Учениците треба да заклучат дека љубовта е основата на верата и дека таа е најважната човечка вредност која ни помага да бидеме подобри луѓе. |
| **Благодарност на човекот кон Бога**<br>(поими: благодарност, радост, Евхаристија - причест). | 1 | - Учениците во групи разговoраат за благодарноста на човекот кон Бога; втората група разговoраат за тоа како учениците изразуваат благодарност кон луѓето; третата група чита и ја обработува параболата за исцелението на десетмината лепрозни луѓе (Лк. 17,12-19);<br>- Наставникот и учениците разговараат за значењето на параболата и каква поука ни дава, при што наставникот им остава простор на учениците самостојно да истражат и да дојдат до поуката.<br>Сите заедно гледаат од интернет  најдени фрески и икони од причестувањето на апостолите; |
| **Чувај го дарот на животот и животот на другите**<br>(поими: живот, дар Божји, Не убивај! Каин, Авел, грижа, помош). | 1 | - Учениците и наставникот разговoраат за шестата Божја заповед: Не убивај!<br>(2 Мој. 29,13);<br>- Потоа го читаат библискиот текст за Каин и Авел;<br>- Учениците и наставникот разговараат за нивниот однос кон насилството;<br>- Учениците се делат на четири групи, при што учениците од првата група споделуваат примери за позитивно разрешување на конфликтните ситуации; Учениците од втората група споделуваат примери за препознавање на разни форми на насилство и булинг помеѓу учениците и начини како можат да се заштитат, но и да не бидат причинители на истите; Учениците од третата група разговараат на тема: нашата грижа за нашиот живот и животот на другите; Учениците од четвртата група разговараат на тема: грижа за животните, вклучително и уличните животни. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставникот ги следи сите активности и дава соодветни насоки за учениците<br>Секоја од четирите групи ги одбира најдобрите примери за да ги презентира пред целото одделение, во насока на истакнување на значајноста од спречување на конфликтни состојби и промовирање на заштитничкиот и грижлив однос кон другиот. |
| **Чувај ја природата**<br>(поими: екологија, одговорност, библиска заповед) | 1 | - Наставникот ги насочува учениците да прочитаат  извадоци од Библијата (1Мојс. 1 и 2), каде се говори за задолжувањето на човекот да се грижи и да пази за се што е создадено;<br>- Потоа учениците во групи водат дискусија за односот што треба да го имаме кон природата откако ќе се набројат начини на уништување на природата и последиците од тоа по човекот, како и начини за спречување на уништувањето и заштита на природата, во насока на набљудување на себеси како дел од природата, како и на развивањето на свеста за заштитата на природата.<br>На крајот заклучуваат дека и во Библијата се зборува за чувањето на природата и се што е во неа, како и за тоа како човекот може да стане повеќе свесен за потребата да направи добри дела за зачувување на природата. Учениците ги запишуваат во заеднички дневник сите заеднички активности за зачувување на природата во текот на нивното образование. |
| **Христијанското вреднување на работата**<br>(поими: работа, трудољубивост, должности, недела – ден Господов, Четврта Божја заповед). | 1 | - Учениците се делат на групи и се води разговор за Четвртата Божја заповед;<br>- Разговор за неделата - ден за одмор; Учениците во тандеми споделуваат како вообичаено ја поминуваат неделата;<br>- Учениците поделени во групи читаат текст од Мудри Соломонови изреки во врска со мрзеливоста (Изрек. 6,6-11) и се извлекуваат  поуки од текстот; втората група го чита текстот од Библијата: Парабола за повереното богатство (Мт. 25,14-29) и разговора за значењето на параболата;<br>- Сите заедно учениците и наставникот разговораат и опишуваат примери од животот за работата, трудољубивоста, должностите и |

| | | |
|---|---|---|
| | | обврските, со заклучок дека тие се основа за правилен однос кон себе, овозможувајќи лична надградба и усовршување, но и одговорен однос кон другите и кон заедницата. |
| **Сакај ја вистината со зборови и дела**<br>(поими: вистина, лага, вистинољубие). | 1 | - Учениците поделени во групи читаат и разговораат за библискиот текст: Деветтата Божја заповед; разговараат за следниве библиски примери: Јуда, Ана, Кајфа, лажни сведоци, Петар, (Матеј 26,57-75). Заклучоците од групната работа ги презентираат пред целото одделение;<br>- Учениците читаат текстови за примери од животот поврзани со вистината, лагата, вистинољубието;<br>Наставникот внимателно ги следи сите активности и повремено дава нови насоки.<br>- Учениците во групи изнесуваат примери од животот од кои се гледа дека лагата доведува до неволји. Секоја група издвојува два најдобри примери кои ќе ги презентира пред целото одделение. |
| **Што значи да се биде верен**<br>(поими: верност, доверба, доверување, изневереност, измама). | 1 | - Учниците ја читаат и разговораат за седмата Божја заповед;<br>- Учениците читаат текстови со содржина за верноста и довербата меѓу луѓето (блиски и пријатели);<br>- Разговораат во групи на оваа тема и изнесување други примери од животот; исто така разговараат за добродетелите кои се поврзани со верноста: доверба, чесност, лојалност, постојаност, доследност, решителност, како и за примери од животот кои укажуваат на градењето на здрави меѓусебни односи како резултат на поседувањето на ваквите доблести.<br>Наставникот ги следи сите активности и дава соодветни насоки за учениците<br>Најдобрите примери кои ќе бидат издвоени од групите, ќе се презентираат пред целото одделение, во насока на истакнување на значењето од примената на спомнатите добродетели. |

| |
|---|
| Тема IV: Христијанскиот морал и заедницата (4 часа) |

| *Знаења/вештини:* | | |
|---|---|---|
| - ги препознава разликите помеѓу луѓето;<br>- ја разбира вредноста на секој човек како важен член на пошироката заедница;<br>- ги познава основните правила за одржување на добри односи и работа во заедница со други луѓе;<br>- ги познава правилата на добри меѓусебни односи со соучениците во активностите на училиштето;<br>- го разбира значењето на собирот на верници како заедница;<br>- има познавање за начините на градење добри односи со родителите и другите членови на семејството;<br>- идентификува начини како да им помага на родителите и другите членови на семејството;<br>- има основни знаења за Богородица како пример за сите мајки. | | |
| *Ставови/вредности:* | | |
| - ги почитува и прифаќа позитивните примери за градење на добри меѓусебни односи со соучениците и наставниците;<br>- развива добри односи со соучениците;<br>- ги прифаќа позитивните примери за градење на добри односи со родителите;<br>- прифаќа одговорно однесување во семејството;<br>- прифаќа одговорно однесување во училиштето и училишните обврски. | | |
| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности*** |
| **Семејството како заедница**<br>(поими: родителска љубов, љубов на децата кон родителите, љубов кон браќата и сестрите, љубов и почит кон роднините, Богородица). | 1 | - Истражувачки активности за одговорноста во семејството;<br>- Учениците изработуваат декорирани честитки со убави пораки со кои ќе ја искажат својата љубов и почит кон членовите на нивните семејства;<br>- Потоа поделени во групи читаат и раскажуваат библиски текстови кои зборуваат за родителската љубов и за почитта на децата кон своите родители; другата група прави разработка на библиски текстови кои го опишуваат животот на Богородица. Наставникот ги следи сите активности и дава соодветни насоки за учениците<br>- Сите заедно ја читаат заповедта: „Почитувај ги татко ти ми мајка ти!“, по коешто следи разговор во насока на истакнување на одговорното однесување и на децата во семејството. |

| | | |
|---|---|---|
| **Собирот на верници како заедница**<br>(поими: црква, храм) | 1 | - Наставникот го претставува значењето на заедничкото верување како основа за постоење на верската заедница, врз основа на коешто во христијанството исто се нарекува и местото на заедничко собирање (за Црквата како заедница и црквата како храм, верски објект);<br>- Учениците потоа читаат  библиски текстови кои говорат за првата црква како заедница, за грижата и меѓусебната помош;<br>- Сите заедно посетуваат  сакрален објект (по можност историско-културен споменик). |
| **Одделението како заедница**<br>(поими: учител, ученик, грижа, помош, солидарност, разбирање и почитување). | 1 | - Учениците од одделението како заедница споделуваат размисли за одговорното однесување и меѓусебната грижа меѓу учениците;<br>- Учениците се делат во групи каде истражуваат и читаат одбрани текстови, водат разговори и наведуваат примери за следниве правила: Внимателно слушај додека некој зборува – секој заслужува внимание и почит; Дозволи му на другиот да го каже она што сака; Не исмејувај никого; Не озборувај никого; Радувај се на способностите и на успесите на секој; Имај доверба во себе (и ти можеш да направиш и кажеш нешто вредно); Јави се за збор и зборувај слободно и искрено; Биди добар другар и пријател, посебно кога на некој му е потребна твојата помош; Кон учителите и кон сите членови на одделенската заедница развивај чувство на почит и педантност, како и на слобода и самостојност; Посебно внимание посветувај на твојата одделенска заедница, не се затворај во своето “друштво“, туку пронајди време и за оние кои не припаѓаат на твоето друштвото. Секоја група избира два најдобри примери од сите споделени и ги презентира пред целото одделение.<br>Наставникот ги следи сите активности и дава соодветни насоки за учениците.<br>- Сите заедно читаат  библиски поуки за учителот и ученикот, како и за пријателството; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Потоа преку работа во парови: „Замена на улоги“. Инструкции: Сети се на некое доживување од твоето детство кога си се почувствувал неправедно, тажно или повредено. Раскажи за тоа на твоето другарче до тебе. И твоето другарче нека ти раскаже едно такво негово доживување. Потрудете се внимателно да се сослушате еден со друг. Потоа сменете си ги улогите. Пред одделението ти раскажи го доживувањето на другарчето како тебе да ти се случило тоа, а другарчето нека го раскаже твоето доживување како негово. Раскажи и за тоа како се чувствуваше во улога на твоето другарче?<br>- Разговори на тема: Преку пријателствата се учиме на живот во заедница со различните од нас, во однос на тоа колку е голема важноста од вистинското и искрено пријателство во секојдневниот живот. |
| **Општеството како заедница на различности** (поими: слобода, вероисповед, човекови права, религии, атеизам, верски идентитет, верска дискриминација, верска толеранција). | 1 | - Учениците меѓу себе разговараат за разликите меѓу луѓето (возраст,родова, националност, религија и др.); Наставникот ги насочува;<br>- Учениците набројуваат различни заедници на луѓето (одредуваат сличности и разлики, меѓу луѓето во една или повеќе заедници);<br>- Сите заедно ја читаат параболата за Милостивиот Самарјанин и потоа разговораат за тоа каква поука ни дава параболата во насока на појаснување на односот и грижата за ближниот, по коешто учениците споделуваат позитивни примери за тоа како ги почитуваат и прифаќаат различните од себе. |

Норматив: Наставата по наставниот предмет етика во религиите ја изведува професор - специјалист по методика на наставата по религиско образование.